Врз основа на член 140 и 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), а во врска со Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи донесена од Влада на РСМ за 2023 - 2026 година („Службен весник на РМ“ бр.163/23), Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи донесена од Влада на РСМ за 2023 - 2026 година („Службен весник на РМ“ бр.254/23), Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи донесена од Влада на РСМ за 2023 - 2026 година („Службен весник на РМ“ бр.28/25), член 2, 3, 4 и 5 од Правилникот за специјализации и супспецијализации на здравствените работници со високо образование од областа на медицината („Службен весник на Република Македонија” бр. 120/20, 144/21), Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на 25.3.2025 година распишува

**Јавен оглас**
**за пријавување на кандидати за запишување/одобрување на специјализација и супспецијализација на здравствени работници со високо образование од областа на медицината за 2025 година**

| Област на специјализација | ЈЗУ | Број на специјализации |
|---|---|---|
| Педијатрија | Здравствен дом Делчево | 1 |
| | Општа болница со проширена дејност Кочани | 1 |
| Анестезиологија со интензивна медицина | Клиничка болница Штип | 1 |
| | Општа болница Велес | 2 |
| | Општа болница Куманово | 2 |
| Дерматовенерологија | Здравствен дом Радовиш | 1 |
| Интерна медицина | Здравствен дом Делчево | 1 |
| | Здравствен дом Крива Паланка | 1 |
| | Здравствен дом Крушево | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Здравствен дом Радовиш | 1 |
| | Здравствен дом Валандово | 1 |
| | Здравствен дом Виница | 1 |
| | Здравствен дом Демир Хисар | 1 |
| | Клиничка болница Штип | 3 |
| | Општа болница со проширена дејност Гевгелија | 1 |
| | Општа болница со проширена дејност Прилеп | 2 |
| Неврологија | Здравствен дом Крива Паланка | 1 |
| | Здравствен дом Неготино | 1 |
| | Здравствен дом Валандово | 1 |
| Општа хирургија | Здравствен дом Крива Паланка | 1 |
| Офталмологија | Здравствен дом Липково | 1 |
| | Здравствен дом Пробиштип | 1 |
| | Здравствен дом Скопје | 1 |
| | Здравствен дом Свети Николе | 1 |
| | Здравствен дом Куманово | 1 |
| | Клиничка болница Битола | 1 |
| | Општа болница Велес | 1 |
| | Општа болница Гостивар | 1 |
| | Општа болница со проширена дејност Прилеп | 1 |
| Радиологија | Здравствен дом Кратово | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Здравствен дом Неготино | 1 |
| | Општа болница Кичево | 1 |
| | Општа болница со проширена дејност Гевгелија | 1 |
| Медицинска биохемија | Здравствен дом Железара | 1 |
| | Здравствен дом Кратово | 1 |
| | Здравствен дом Липково | 1 |
| | Здравствен дом Скопје | 2 |
| | Здравствен дом Железара | 1 |
| | Здравствен дом Штип | 1 |
| | Клиничка болница Битола | 1 |
| | Општа болница со проширена дејност Прилеп | 1 |
| | Општа болница Струга | 1 |
| | Општа болница со проширена дејност Дебар | 1 |
| | УК за белодробни болести кај децата Козле | 2 |
| Медицинска микробиологија со паразитологија | Центар за јавно здравје Велес | 1 |
| | Центар за јавно здравје Битола | 1 |
| | Центар за јавно здравје Струмица | 1 |
| Епидемиологија | Центар за јавно здравје Велес | 1 |
| | Центар за јавно здравје Кочани | 1 |

Барањето за одобрување на специјализациите / супспецијализациите заедно со комплетната документација се поднесува од страна на Јавната здравствена установа каде што е вработен здравствениот работник односно здравствениот соработник, најдоцна во рок од 30 дена од денот на објавување на Огласот во јавните гласила и веб-страницата на Универзитетот.

Барањето за одобрување на специјализација со комплетната документација се доставува во согласност со одредбите од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24) и Правилникот за специјализации и супспецијализации на здравствените работници со високо образование од областа на медицината до Архивата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А, Ректорат, 2000 Штип, со назнака „Оглас за специјализации за 2025 година“.

**Потребни документи за упис на специјализација за вработени здравствени работници во јавни здравствени установи**

1. Барање за одобрување на специјализација (може да се преземе од веб-страницата на Универзитетот);
2. Фотокопија од уверение со оценки за завршен факултет, заверена на нотар;
3. Фотокопија од диплома за завршен факултет, заверена на нотар (или потврда дека издавањето на дипломата е во тек);
4. Уверение за положен стручен испит (фотокопија заверена на нотар);
5. Важечка основна лиценца за работа од Лекарска комора, фотокопија заверена на нотар (или потврда дека издавањето е во тек);
6. Одлука од Управен одбор за упатување на специјализација;
7. Бодовна листа за селекција на кандидатите вработени во јавната здравствена установа.